РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-22
03.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка за рекламна кампања на Телеком**

Почитуван,

Агенцијата ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/22 од 15.09.2025 г.), која се однесува на рекламната кампања на Телеком под наслов: „Добре дојдовте на овој свет", со учество и нарација на актерот Игор Џамбазов, а во која се користи и сегмент од дело на македонскиот драмски писател Горан Стефановски. Во Претставката изразувате незадоволство од темата преку која Телеком избрал да се рекламира (борба против предрасудите) и од тоа дека ангажираниот актер Игор Џамбазов нема формално образование од психологија и педагогија за да се занимава со темата.

Од нашиот увид во рекламата би сакале да Ве запознаеме со следното:

- Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) за содржината на рекламирањето е одговорен нарачателот, во случајот Телеком, а радиодифузерите имаат одговорност емитувањето на рекламирањето да биде усогласено со Законот. Агенцијата нема надлежност над Телеком во делот во кој оваа компанија, како нарачател на рекламата, е одговорна за нејзината содржина, што значи дека компанијата самостојно одлучува за содржината на своето рекламирање, туку има надлежност да го следи почитувањето на ЗААВМУ од страна на радиодифузерите;
- Во членот 53 од ЗААВМУ е пропишано што не смеат да содржат рекламите, при што, меѓу другото, јасно е наведено дека не смеат да вклучуваат или промовираат каква било дискриминација врз основа на пол, раса, етничка припадност, националност, вера или уверување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација. Во овој контекст, рекламната кампања на Телеком е реализирана во рамките на професионалните принципи и стандарди и не ги прекршува одредбите од ЗААВМУ;
- Што се однесува до нејзиното емитување на програмите на радиодифузерите, тие, според начелата кои се содржани во член 47-а од ЗААВМУ, при вршењето на дејноста се обврзани, меѓу другото: да ја почитуваат еднаквоста на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; да ги негуваат и развиваат хуманите и моралните вредности на човекот; да ги поттикнуваат и развиваат духот на толеранција и на заемно почитување, како и чувството на јавноста за правичност и за одбрана на демократските

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

слободи; да ги зачувуваат и негуваат јазичната култура и домашното творештво. Токму овие начела може да се препознаат и во посочената реклама;

- Инаку, како што може да се види и од вклучените титлови во рекламата, нејзината содржина е инспирирана од творбата „Писмо до внуката“ од Горан Стефановски. Македонски Телеком како иницијатор и поддржувач на театарски проект реализиран со Македонскиот народен театар, претставата „Замисли нов свет“, реализираше и своја кампања, емитувана на повеќе радиодифузери инспирирана од делата на Горан Стефановски и рекламата која ја посочивте може да се смета за дел од таа тематска целина.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**